ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 01-29/1
31.01. 2022 год.

Во врска со Заклучокот од 50-тата Седница на Влада на Република Северна Македонка, точка 83, одржана на 2 март 2021 година, во однос на Информаци]ата за преземање на мерки за борба против корупција, директорот на Центарот за развој на Источен плански регион – Штип го донесе следниот:

**ГОДИШЕН АНТИКОРУПЦИСКИ ПЛАН**
**2022 година**

## ВОВЕД

Центарот за развој на Источен плански регион покрива 11 (единаесет) општини: Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново-Облешево и Штип, зафаќа 14% од територијата на Република Македонија и има 181.858 жители.

Центарот за развој на Источен плански регион, е правно лице основано согласно Законот за рамномерен регионален развој кој учествува во планирањето на регионалниот развој, спроведување на планските документи за регионален развој, и е задолжен за вршење на стручните и административно-техничките работи за потребите на Советот за развој на планскиот регион. Тој е посветен на јакнење на меѓуопштинската соработка и промоција на развојните можности на регионот, соработува со општините во регионот и им помага во обезбедување на поддршка при подготовка на нивните програмски документи за развој, како и на невладиниот и бизнис секторот при подготовка на проекти од областа на регионалниот развој. Неговата основна задача е јакнење на капацитетите на мрежите во локалната и руралната заедница, бизнис секторот, стимулирање на развојот на локално и регионално ниво, јакнење на принципот на јавно приватно партнерство и делување во насока на подигање на квалитетот на живеење.

Зачувувањето и развивањето на посебниот идентитет на планскиот регион, неговата афирмација и развој е визија и цел на Центарот за развој на Источниот плански регион.

## Делокруг на работа на Центарот

Центарот за развој на Источниот плански регион, спроведува активности и реализира задачи поврзани со развојните приоритети на Источен плански регион и тоа:

- Ја изготвува предлог – програмата за развој на планскиот регион;
- Изготвува предлог – акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;
- Подготвува предлог – проекти за развој на планскиот регион и за подрачјата со специфични развојни потреби и предлог - проекти за финансирање од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност;
- Ги доставува предлог проектите за регионален развој, врз основа на утврдената листа на предлог – проекти од страна на Советот за развој на Источниот плански регион, во законски определениот рок;
- Ги координира активностите поврзани со имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;

- Склучува Договори со Бирото за регионален развој за реализација на проекти за развој на планскиот регион;
- Ги реализира проектите за развој на планскиот регион;
- Подготвува годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион;
- Обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој;
- Обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локалната самоуправа при подготвувањето на нивните програми за развој;
- Обезбедува стручни услуги за здруженијата и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој;
- Ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот регион;
- Изготвува, поднесува апликации и Спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европската Унија и други меѓународни извори;
- Врши промоција на развојните можности на планскиот регион;
- Подготвува годишен извештај за своето работење чиј составен дел е и Извештајот за финансиското работење на Центарот и истиот го поднесува до Советот за развој на Источниот плански регион и Советите на единиците на локалната самоуправа, во состав на планскиот регион;
- Врши стручни и административно - технички работи за потребите на Советот за развој на Источниот плански регион;
- Реализира активности за поттикнување на конкурентноста преку активна поддршка на приватниот сектор;
- Изготвува и реализира проекти и договорени задачи и услуги за министерства и други државни институции и
- Врши други активности за поттикнување на развојот на планскиот регион.

Центарот за развој на Источен плански регион има прифатено Антикорупциска политика и политика на интегритет со која **не се толерира никакво коруптивно однесување**, не се толерира било каква форма на неетичко и неморално однесување.

Во годишниот антикорупциски план се изнесени основните поими утврдени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Сл.Весник на РСМ„ бр. 12/19). Со планот се утврдени областите каде најчесто постои ризик за појава на корупција и тоа:

**- Постапките за вработување;**

**- Постапките за јавни набавки и**

**- Реализацијата на проекти, начин на спроведување, изведба, квалитет и квантитет;**

Под **"корупција"**, се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

Поимот корупција, во смисла на законот, ги опфаќа и поимите на:

- **"пасивна корупција"** - намерно делување на лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на неговите обврски и
- **"активна корупција"** - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

Под **судир на интереси** се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Лицето во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување. Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, лицето е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.

Во случај на постоење на сомневање за судир на интереси, лицето е должно да побара мислење од Државната комисија.

Под поимот **„Ризик од корупција"** согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (во натамошниот текст: ЗСКСИ), се подразбира кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, или други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.

Под поимот **„интегритет"** се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои лицата го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

Под поимот **„јавен интерес"** се подразбира заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на РСМ, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата,

заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.

Под поимот **„јавно овластување“**, се подразбира овластување, пренесено од страна на државната или локалната власт, на физичко или правно лице да врши работи од јавен интерес.

Под поимот **„службена должност“** се подразбира збирот на обврски кои едно лице е должно да ги преземе, а кои произлегуваат од вршењето на одредена функција или професија, односно од службената положба на тоа лице.

Под поимот **„административни работи“** се подразбираат стручно административни, нормативно-правни, статистички, плански, информатички, кадровски, материјални, финансиски, сметководствени, информативни и други работи од административна природа.

Под поимот **„кронизам„** се подразбира именување на истакнати позиции на блиски пријатели, другари или познаници на функционерите, без оглед на тоа дали тие се квалификувани за тие работни позиции. Значи поставувањето на несоодветен кадар. Станува збор за фаворизирање на свои пријатели. При кронизмот лице кое има авторитет ја злоупотребува својата моќ и промовира пријател за таа позиција и покрај тоа што не е квалификуван за таа позиција.

**Непотизмот** претставува фаворизирање роднини или пријатели при доделување на функции и почести без притоа да се води сметка за стручноста. Непотизмот подразбира и злоупотреба на службената или на политичката и друга моќ за доведување роднини на привлечни и влијателни функции. Согласно ЗСКСИ предвидена е забрана на влијание за вработување на блиски роднини. Имено, никој не смее да врши влијание за вработување или унапредување на блиско лице во органот во кој е избрано или именувано или во друг државен орган или јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал врз кое врши надзор органот во кој лицето е избрано, односно именувано.

**Дискрециони овластувања**- Дискреционите овластувања и донесувањето на дискрециони одлуки постојат во оние случаи кога во прописите одредено прашање за кое треба да се одлучува не е уредено или кога во прописите е содржан збор кој му остава простор на функционерот или службеникот да избере дали ќе донесе одреден акт или не, или избор на одредена алтернатива. Како пример би ги посочиле зборовите “може”, “цени”, “односно” и сл. Согласно од одредбите од ЗСКСИ предвидено е дека во вршењето дискрециони овластувања секое вработено лице е должно, одлуките да ги донесува совесно, водејќи сметка за сите факти и околности на конкретниот случај и за начелото на законитост и справедливост.

## I. <u>ПОСТАПКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ</u>

Се забранува незаконско влијание во постапките за вработување.

Во постапките за вработување ќе се применуваат одредбите од Законот за работни односи и Законот за рамномерен регионален развој.

Во постапките за вработување ќе се почитуваат начелата:

1. Забрана за директна и/или индиректна дискриминација, односно принцип на еднаков третман на кандидати за вработување или работниците;

2. Начело на полова еднаквост;
3. Начело на пријавување на состојба на судир на интереси - вработено лице во институцијата кое учествува или одлучува во постапката за избор, именување или вработување или е вклучено како член на телото што ја спроведува таа постапка е должно да го извести раководното лице на институцијата, односно институцијата каде што е вработено за сите постапки што можат да предизвикаат судир на интереси.

## II. ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Се забранува незаконско влијание во постапка за јавна набавка од секое лице вклучено во истата.

**Начела на кои се темелат јавните набавки**

Системот на јавни набавки и неговото спроведување се темелат врз начелата на слободно движење на стоки, слобода за основање, слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност.

**1. Начело на економичност, ефикасност и ефективност на користењето јавни средства**

Договорниот орган ги спроведува јавните набавки на начин што ќе обезбеди економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства и успешно остварување на целите на своето работење, утврдени во согласност со прописите кои го уредуваат користењето на буџетските и другите јавни средства.

**2. Начело на конкуренција помеѓу економските оператори**

Во постапката за јавна набавка, договорниот орган не смее неоправдано да ја ограничува конкуренцијата помеѓу економските оператори.

**3. Начело на транспарентност**

Договорниот орган ги реализира постапките за јавни набавки на транспарентен начин и во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и прописите донесени врз основа на истиот.

Начелото на транспарентност се обезбедува со објавување на планот за јавни набавки, огласите и известувањата од Законот за јавни набавки, тендерската документација и договорот за јавна набавка, како и нивните измени и дополнувања.

Договорниот орган ги реализира постапките за јавни набавки на транспарентен начин и во согласност со начелата од Практичниот водич на процедурите за склучување договори кои се однесуваат на сите надворешни активности на ЕУ, финансирани од општиот буџет на ЕУ (буџетот на ЕУ) и Европскиот фонд за развој (ЕДФ) како и упатствата за начините на постапување при доделување на договори за набавки со конкретни договори склучени со донатори.

**4. Начело на еднаков третман и недискриминација на економските оператори**

Договорниот орган обезбедува еднаков третман на економските оператори во сите фази од постапката за јавна набавка и во однос на сите елементи од понудата, земајќи го предвид заемното признавање и сразмерност на барањата во врска со предметот на набавка.

**5. Начело на сразмерност**

Постапката за јавна набавка се спроведува сразмерно на предметот на набавка, особено во однос на изборот, дефинирањето и примената на условите, барањата и критериумите, кои мора да се логички поврзани со предметот на набавка.

## III. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ

Секое лице вработено во институцијата кое е надлежно за постапување по предметот за реализација на проект, е должно да ги чува финансиските средства што му се доверени и со нив да располага на најекономичен начин и за однапред определените намени. Забрането е средствата да се користат за приватни цели или да се даваат на друг на користење. Овластените лица за реализација на проекти ќе ги почитуваат начелата на стручност, одговорност, навремено и квалитетно извршување на договорите.

## IV. ПРЕЗЕМАЊЕ НА МЕРКИ ПРОТИВ НЕПРАВИЛНОСТИ И ИЗМАМИ

Раководното лице на институцијата има обврска да го спречува ризикот од неправилности и измами и да презема дејствија против неправилности и измами.

Раководното лице на институцијата има одговорност да обезбеди свесност на вработените и ангажираните лица, и да се погрижи истите да го разбираат годишниот акционен план за спречување на корупција.

Сите вработени, го известуваат раководното лице на институцијата за неправилности, за неправилностите или сомнежите за измами или корупција.

Секое вработено лице во институцијата е должно да постапува согласно Уставот и законите во извршувањето на работните должности, да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.

## V. СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ВРШЕЊЕТО РАБОТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС

**Незаконити барања на претпоставен**

Вработено лице во институцијата од кое неговиот претпоставен или избрано или именувано лице бара во вршењето на службата да постапи спротивно на Уставот, закон или друг пропис, е должно за тоа да му укаже на оној кој ја издал наредбата.

Доколку и по усното укажување, непосредно претпоставениот ја повтори наредбата, вработеното лице веднаш за тоа писмено ќе го извести непосредно повисокиот претпоставен од оној кој ја издал наредбата и Државната комисија. По писменото укажување, вработеното лице е ослободено од обврската за незаконито вршење на службено дејствие и не може за тоа да биде повикано на одговорност, ниту да трпи последици.

Вработеното лице кое постапило согласно со должноста за укажување утврдена со овој член има право на заштита согласно одредбите од Законот за заштита на укажувачи.

По известувањето Државната комисија презема мерки како по пријава од укажувач, во постапка и рокови утврдени со одредбите од Законот за заштита на укажувачи.

**Непријавување на казниво дело**

Вработеното лице е должно да го пријави секое казниво дело поврзано со корупција, како и секоја повреда на одредбите од овој закон, за кои дознало во вршењето на својата должност.

**Забрана за вршење влијание врз друг**

Вработеното лице не смее да ја користи својата положба вршејќи влијание врз друго лице, за тоа да донесе или не донесе определена одлука, да стори нешто, да пропушти или да трпи, заради остварување корист.

Секој граѓанин има право да ја извести Државната комисија за повредата на одредбите од предходниот став.

**Вршење дискрециони овластувања**

Во вршењето дискрециони овластувања секое вработено лице во институцијата е должно одлуките да ги донесува совесно, водејќи сметка за сите факти и околности на конкретниот случај и за начелото на законитост и справедливост.

Физичко или правно лице што е незадоволно од одлуката донесена врз основа на дискреционо овластување и кое смета дека таа одлука е донесена поради корумпираност, може да поднесе претставка пред Државната комисија.

Државната комисија е должна да ја разгледа претставката и во рок од 30 дена од денот на приемот на претставката да го извести физичкото, односно правното лице за постапувањето по истата.

Државната комисија двапати годишно на својата веб страница објавува статистички податок за поднесени претставки.

**Понуда на поткуп**

Вработенотот лице во институцијата на кое му е понуден поткуп, е должно да преземе мерки за идентификација на понудувачот и да го пријави на надлежен орган.

**Постапка во случај на обвинение за корупција**

Вработеното лице во институцијата кое е правосилно осудено за корупттивно дело без одлагање го известува органот кој го избрал или именувал, односно својот претпоставен.

**Ништовност на правни акти**

Правните акти што се резултат на корупција или судир на интереси или се донесени, односно склучени заради корупција, односно во состојба на судир на интереси се ништовни.

Секој кој има правен интерес може да бара поништување на правните акти, со поднесување како доказ правосилна судска одлука, односно одлука на надлежен орган со која е утврдено постоењето на корупција или судир на интереси.

**Злоупотреба во вршењето работи од јавен интерес**

Лице што врши работи од јавен интерес не смее да ја злоупотреби својата положба за остварување на корист.

Како работи од јавен интерес, покрај дејностите што се со закон определени како работи од јавен интерес, се сметаат и активностите што се вршат во рамките на дејствувањето на политичките партии, синдикатите, здруженијата и фондациите.

**Постапување во случај на постоење судир на интереси**

Вработеното лице во институцијата во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.

Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, вработеното лице во институцијата е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.

Во случај на постоење на сомневање за судир на интереси, службеното лице е должно да побара мислење од Државната комисија.

**Пријавување на состојба на судир на интереси**

Ако вработеното лице во институцијата учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.

Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со овој закон.

Вработеното лице во институцијата кое учествува или одлучува во постапката за избор, именување или вработување или е вклучено како член на телото што ја спроведува таа постапка е должно да го извести раководното лице на институцијата, односно институцијата каде што вработено за сите постапки што можат да предизвикаат судир на интереси.

По утврдувањето на односот на вработеното лице со кандидатот за избор, именување или вработување, раководното лице на институцијата е должно да ги преземе сите неопходни мерки за спречување на појавата на судир на интереси.

Во случај на сомневање за постоење судир на интереси вработеното лице и раководното лице на институцијата можат да побараат мислење од Државната комисија.

**Забрана за примање подароци**

Службеното лице при вршењето на јавните овластувања и должности не смее да прима подароци.

## VI. ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

1. Почитување на Уставот и законите;
2. Почитување на антикорупциска политика и политика на интегритет;
3. Донесување на интерни процедури и правилници за постапување со предметите од сите области на работење кои се во надлежност на институцијата;
4. Почитување на роковите во решавањето на предметите од надлежност на институцијата, совесно, професионално и одговорно однесување;
5. Обезбедување на транспарентност и отчетност во работењето на институцијата;
6. Овозможување слободен пристап на информации од јавен карактер;
7. Редовно информирање на граѓаните за работењето на институцијата преку локални и регионални медиуми и редовно ажурирање на веб страната на институцијата;
8. Задолжително пријавување на коруптивно, недозволиво, незаконите и неетичко однесување на лица вработени во институцијата;
9. Преземање на дисциплинкси мерки против лицата кои се однесуваат коруптивно, недозволиво, незаконите и неетичко и
10. Назначување на лице за внатрешно пријавување.

Годишниот план за спречување на корупцијата ќе биде објавен на веб страната на Центарот за развој на Источен плански регион.

Центар за развој на Источен плански регион
Директор
Зујица Ангелова

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН * ШТИП *

Изработил: Катерина Коцева